# КВАРТАЛЕН ЕКОНОМСКИ ИЗВЕШТАЈ

## - трет квартал 2021 година -

K-3-2021

## Резиме


- Во К-3-2021 е забележан **раст на економската активност** од 3,0% на годишна основа, со што продолжува растот од претходниот квартал по падот во петте последователни квартали пред тоа;
- **Бројот на вработени** во К-3-2021 е повисок за 1,4% во однос на истиот квартал од 2020 година. **Бројот на невработени** во К-3-2021 се намали за 4,6%, што резултираше со намалување на **стапката на невработеност** на 15,7%;
- Просечната **нето-плата** во К-3-2021 изнесува 28.683 денари и бележи раст од 4,7% на номинална основа, односно раст од 1,1% на реална основа, споредено со нето-платата во К-3-2020;
- Вкупните **буџетски приходи** во К-3-2021 се повисоки за 16,8%, а вкупните **буџетски расходи** за 12,2% споредено со истиот квартал од 2020 година;
- **Стапката на инфлација** во К-3-2021 изнесува 3,5% на годишна основа;
- Вкупниот **депозитен потенцијал** на банките во К-3-2021 се зголеми за 1,4% на квартална основа;
- **Кредитната активност** на банките во К-3-2021 забележа раст од 1,1% на квартална основа;
- Во К-3-2021 е забележан раст на **извозот на стоки** од 6,9% и на **увозот на стоки** од 16,6% на годишна основа, со што вкупната **надворешнотрговска размена** изразена во евра забележа раст од 12,3%.

# Содржина:

1. Економска активност......3
2. Пазар на работна сила......4
3. Јавни финансии......5
3.1. Буџетски приходи според економската класификација......5
3.2. Буџетски расходи според економската класификација......6
3.3. Расходи по буџетски корисници......7
3.4. Буџетски дефицит и државен долг......9
4. Инфлација и монетарни движења......10
5. Надворешен сектор......13
5.1. Надворешнотрговска размена......13
5.2. Платен биланс......16


Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 591
www.finance.gov.mk
МФРСМ.Ф.8.5/9-5
издание 5
MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

# 1. Економска активност

Во К-3-2021 е забележан **раст на економската активност** од 3,0% на годишна основа, со што продолжува растот од претходниот квартал по падот во петте последователни квартали пред тоа.

**Земјоделството** забележа раст од 1,2% по падот од 0,6% во претходниот квартал, додека **градежништвото** опадна за 1,5%, што е намалување втор квартал по ред откако во претходниот квартал се намали за 2,4%.

Графикон 1.1. Инвестиции и градежна активност
*(годишна стапка на раст)*




Извор: Државен завод за статистика

Графикон 1.2. Индустриски сектор
*(годишна стапка на раст)*




Извор: Државен завод за статистика

Анализирано според производната страна на БДП, активноста во **услужниот сектор** се зголеми за 4,2%. Од услужните дејности, раст е забележан кај Трговија, транспорт и угостителство од 11,0%; Стручни, научни и технички дејности и Уметност, забава и рекреација од по 2,6%; Јавна управа, одбрана, образование и здравство од 2,2% и Дејности во врска со недвижен имот од 0,7%. Од друга страна, пад е забележан во Финансиските и дејностите на осигурување од 1,8% и Информации и комуникации од 0,7%.

**Индустрискиот сектор** забележа пад од 4,5% по растот од 11,9% во претходниот квартал, во услови на намалено производство во преработувачката индустрија за 5,8%.

Анализирано според расходната страна на БДП, растот на економската активност е резултат на зголемената домашна побарувачка, во услови на зголемена потрошувачка и зголемени бруто-инвестиции, како и на нето-извозот чијшто придонес е позитивен.

Графикон 1.3. Придонес во економскиот раст по компоненти *(процентни поени)*




Извор: Државен завод за статистика и пресметки на МФ

Потрошувачката забележа раст на реална основа од 2,9%, во чии рамки **приватната потрошувачка** се зголеми за 2,4%, а **јавната потрошувачка** порасна за 4,9% на реална основа.

**Бруто-инвестициите** забележаа раст од 0,4%, со што продолжува растот втор квартал по ред, иако со значително намалување по високиот двоцифрен раст од 40,7% во претходниот квартал.

**Извозот на стоки и услуги** забележа раст од 4,1% на реална основа, додека **увозот на стоки и услуги** порасна за 2,7%. Оттука, нето-извозот бележи позитивен придонес од 0,6 п.п..

## 2. Пазар на работна сила

Во К-3-2021, според Анкетата на работна сила, **бројот на вработени лица** е зголемен за 1,4%, односно за 11,1 илјада лица во однос на истиот квартал од 2020 година, а растот се должи на зголемената вработеност во услужниот сектор (11,2 илјади или 2,5%) и во градежништвото (1,8 илјади или 3,2%), намален број вработени има во земјоделскиот сектор (2,3 илјади или 2,4%), додека бројот на вработени во индустријата останува речиси непроменет. Во рамки на услужната дејност, особен раст на вработеноста се јавува кај трговија на големо и трговија на мало (10,3 илјади или 9,0%) и дејностите на здравствена и социјална заштита (6,9 илјади или 14,2%), додека позабележително намалување на вработеноста има кај објекти за сместување и сервисни дејности со храна (7,9 илјади или 22,4%).

Анализирано според економскиот статус, зголемување на вработеноста се јавува кај вработените (10,6 илјади или 1,6%), кај работодавците (3,8 илјади или 12,3%) и кај вработените за сопствена сметка (1 илјада или 1,4%), а пад е забележан кај семејните работници (4,3 илјади или 12,8%).

**Стапката на вработеност** во К-3-2021 изнесува 47,4% и во однос на истиот квартал од 2020 година е зголемена за 0,8 п.п..

**Бројот на невработени** е намален за 7,1 илјада лица, односно за 4,6% во однос на истиот квартал од 2020 година. Овие движења предизвикаа **стапката на невработеност** во К-3-2021 да се намали на 15,7%, односно за 0,8 п.п. во споредба со истиот квартал од 2020 година, а во однос на претходниот квартал таа е пониска за 0,2 п.п. (Графикон 2.1).

Графикон 2.1. Број на вработени и стапка на невработеност




Извор: Државен завод за статистика

Гледано по возрасни групи, невработеноста во однос на К-3-2020 е

намалена во сите групи, и тоа: кај лицата на возраст од 15 до 24 години за 14,5%, кај лицата од 50 до 64 години за 4,8% и кај лицата од 25 до 49 години за 1,8%. Според половата структура, стапката на невработеност е намалена за 1,3 п.п. кај женското население и изнесува 14,6%, што е за 1,8 п.п. помалку од невработеноста кај мажите којашто е намалена за 0,6 п.п. и изнесува 16,4%.

**Бројот на активно население** е намален за 4,0 илјади лица, односно за 0,4% на годишна основа. Активното население во К-3-2021 сочинува 56,2% од вкупното работоспособно население и е зголемено за 0,4 п.п. во споредба со истиот квартал од 2020 година.

Просечната месечна **нето-плата** во К-3-2021 изнесува 28.683 денари и е повисока за 4,7% на номинална основа споредено со истиот квартал од 2020 година, додека на реална основа нето-платата бележи зголемување од 1,1% (Графикон 2.2).

Графикон 2.2. Просечна нето-плата
*(годишна стапка на раст)*




Извор: Државен завод за статистика

Просечната месечна **бруто-плата** во К-3-2021 изнесува 42.846 денари и бележи раст од 4,8% на номинална и 1,2% на реална основа.

**Продуктивноста на трудот** во К-3-2021 е зголемена за 1,5%, што е последица на повисокиот раст на производството од растот на вработеноста.

# 3. Јавни финансии

## 3.1. Буџетски приходи според економската класификација

**Вкупните буџетски приходи** во К-3-2021 учествуваат со 31,1% во кварталниот БДП и се повисоки за 16,8% споредено со истиот квартал од 2020 година, а притоа раст бележат даноците од 20,6%, придонесите од 6,3% и неданочните приходи од 59,4%. Кај даночните приходи забележана е повисока наплата на сите видови даноци. Високиот раст на приходите во овој период, меѓу другото, е резултат и на ниската споредбена основа, со оглед на тоа што буџетските приходи беа силно погодени во третиот квартал од 2020 година како последица од пандемијата на коронавирус.

Наплатата на индиректните даноци во К-3-2021 е зголемена за високи 22,4%, а кај директните даноци е забележано зголемување од 14,3% во однос на К-3-2020. Гледано од аспект на структурното учество во БДП, учеството на приходите од директни даноци е зголемено за 0,2 п.п. на годишно ниво, односно од 3,9% во третиот квартал минатата година на 4,1% од кварталниот

БДП во истиот квартал оваа година, а учеството на приходите од индиректни даноци во БДП за К-3-2021 изнесува 13,9% и е повисоко за 1,5 п.п. во однос на К-3-2020 кога изнесуваше 12,2%.

Кај **индиректните даноци**, приходите од ДДВ доминираат и претставуваат 45,3% од вкупните даночни приходи во К-3-2021, а се повисоки за 17,0% споредено со истиот квартал претходната година. Во структурата на данокот на додадена вредност, најголемо е учеството на ДДВ при увоз, по што следи ДДВ од прометот во земјата. Споредено со истиот квартал од 2020 година, приходите од акцизи се повисоки за 34,8%, а приходите од царински давачки за 18,8%.

Графикон 3.1. Приходи и расходи во К3
*(% од номинален квартален БДП)*




Извор: Министерство за финансии

Во рамки на **директните даноци**, кај персоналниот данок на доход е забележано зголемување од 11,2%, а кај приходите од данокот на добивка од 20,8% во однос на истиот квартал претходната година.

Наплатата на **социјалните придонеси** е повисока за 6,3%, така што зголемување на наплатата е забележано кај сите придонеси, односно кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување од 6,2%, кај придонесите за здравствено осигурување од 6,5% и кај придонесите за вработување од 6,7%.

**Неданочните приходи**, кои претставуваат 2,2% од кварталниот БДП, во К-3-2021 беа реализирани за 59,4% повеќе во однос на истиот квартал од 2020 година.

**Капиталните приходи**, во кои спаѓаат приходите од закуп на градежно земјиште, продажба на станови, како и приходи од дивиденди, во К-3-2021 беа повисоки за 21,6% на годишна основа. Приходите по основ на **донации од странство** забележаа намалување за 17,0%.

## 3.2. Буџетски расходи според економската класификација

**Вкупните буџетски расходи** во К-3-2021, со учество од 36,0% во кварталниот БДП, се повисоки за 12,2% споредено со истиот квартал од 2020 година.

**Тековните расходи**, кои претставуваат 32,3% од кварталниот БДП, имаат учество од 89,7% во вкупните расходи и беа реализирани за 8,4% повеќе на годишна основа. Во рамки на тековните расходи, расходите за стоки и услуги забележаа раст од 39,9%, а расходите за плати и надоместоци од 5,1% во однос на истиот квартал претходната година.

Средствата за трансфери, кои учествуваат со 65,0% во вкупните расходи, беа реализирани за 7,1% повеќе

на годишна основа. Социјалните трансфери забележаа раст од 3,1% и учествуваа со 46,9% во вкупните расходи. Расходите за пензии, коишто сочинуваат најголем дел од социјалните трансфери, се зголемија за 3,7% и забележаа учество од 27,6% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, кои ги вклучуваат и трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесуваа 17,6% и забележаа зголемување од 35,5% споредено со третиот квартал од 2020 година. Блок и наменските дотации кон единиците за локална самоуправа забележаа намалување од 0,3%, а субвенциите и трансферите се зголемија речиси двојно во однос на К-3-2020.

Расходите за каматни плаќања се минимално зголемени за 0,1% на годишна основа, така што расходите по камати на домашен долг забележаа зголемување од 2,9%, а пад од 0,7% забележаа каматните расходи по надворешен долг.

**Капиталните расходи**, кои претставуваат 3,7% од кварталниот БДП, се реализирани за високи 62,0% повеќе споредено со истиот квартал од 2020 година и оствариja учество од 10,3% во вкупните расходи.

## 3.3. Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници, чиј вкупен годишен буџет изнесува 85,0% од вкупниот буџет на сите буџетски корисници.

Во периодот јули - септември 2021 година, преку разделот **Министерство за финансии – функции на држава**[1] реализирани се 40.527 милиони денари што претставува 61,5% од предвидените за 2021 година. Отплата на главнина (33.704 милиони денари) е главна ставка во вкупните расходи на овој буџетски корисник со учество од високи 83,2% откако во овој квартал во целост е исплатена еврообврзница во износ од 500 милиони евра.

**Министерството за труд и социјална политика** во К-3-2021 година реализираше 13.111 милиони денари или 23,8% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (65,5%) од расходите во овој период се наменети за тековни трансфери до буџетските фондови, за што се потрошени 8.588 милиони денари или 23,4% од средствата наменети за 2021 година.

[1] Во рамките на овој раздел опфатени се активности како што се: навремено сервисирање на обврските на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА итн.

Втора најзначајна расходна ставка е социјални бенефиции, која учествува со 22,6% во вкупните расходи и за оваа намена реализирани се 24,3% (2.965 милиони денари) од планираните за 2021 година.

**Министерството за образование и наука** во анализираниот период изврши буџетски средства во износ од 6.085 милиони денари, што е 22,3% од вкупниот буџет за 2021 година. Најголем дел од расходите (65,4%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 3.982 милиона денари или 24,5% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци е втора најзначајна ставка со учество од 23,6%, за што се потрошени 1.034 милиони денари, односно 23,6% од вкупно предвидените.

Графикон 3.2. Структура на расходи по буџетски корисници во К-3-2021 *(во %)*




Извор: Министерство за финансии

**Министерството за одбрана** во периодот јули – септември 2021 година реализираше буџетски средства во износ од 3.478 милиони денари, што е 32,8% од вкупниот буџет за оваа година. Капиталните расходи имаат најголемо учество во расходите со 47,1%, за што во овој период се реализирани 1.637 милиони денари (59,2% од вкупно предвидените средства за тековната година). Расходите за плати и надоместоци учествуваат со 29,9% во вкупните расходи, за што во анализираниот период се потрошени 1.041 милион денари, односно 25,0% од вкупно предвидените.

Во периодот јули - септември 2021 година, **Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР)** реализираше средства во износ од 3.252 милиона денари што претставува 33,8% од планираните средства за тековната година. За субвенции и трансфери, коишто учествуваат со високи 90,2% во вкупните расходи, реализирани се 36,8% од планираните средства, односно 2.934 милиони денари.

Во анализираниот период, од страна на **Министерството за внатрешни работи** вкупно се реализирани 3.124 милиони денари, што претставува 26,3% од сопствениот буџет за 2021 година. Најзначајна расходна ставка претставува плати и надоместоци со учество од 65,5%, за што се потрошени 2.047 милиони денари или 25,3% од планираното. Втора најзначајна ставка е стоки и услуги со учество од 17,2%, за што се реализирани 537 милиони денари или 22,8% од годишниот план.

**Министерството за здравство** во периодот јули - септември 2021 година изврши буџетски средства во износ од 2.386 милиони денари, што е 27,4% од вкупниот буџет за 2021 година. Тековните трансфери до буџетските

фондови имаат најголемо учество во расходите со 52,6%, за што во овој период се потрошени 1.254 милиони денари или 37,6% од средствата наменети за 2021 година. За стоки и услуги се издвоени 1.031 милион денари, односно 22,6% од вкупно планираните.

**Владата на Република Северна Македонија** во К-3-2021 година реализираше вкупно 1.221 милион денари, односно 8,9% од планираните средства за 2021 година. Притоа, субвенциите и трансферите коишто учествуваат со 73,4% во вкупните расходи на овој буџетски корисник беа реализирани во износ од 896 милиони денари (8,3% од предвидените средства).

**Министерството за транспорт и врски** во овој период реализираше средства во износ од 853 милиони денари, што е 21,7% од вкупниот буџет за тековната година. Реализацијата на капиталните расходи, како главна ставка, изнесува 21,9% од предвиденото за цела година (668 милиони денари).

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог достапен на следната врска (*http://finance.gov.mk/mk/node/692*).

## 3.4. Буџетски дефицит и државен долг

Во третиот квартал од 2021 година, **дефицитот на консолидираниот Буџет** изнесува 8.891 милион денари или 4,9% од БДП за овој квартал, а дефицитот на Централниот буџет изнесува 9.305 милиони денари, односно 5,1% од кварталниот БДП.

Графикон 3.3. Државен долг и негова структура




Извор: Министерство за финансии

Вкупниот **државен долг** на крајот на К-3-2021 изнесува 51,1% од БДП и забележа намалување на своето учество во БДП за 3,6 п.п. во однос на К-2-2021 откако во јули беше во целост исплатена еврообврзница во износ од 500 милиони евра. Учеството на надворешниот долг во вкупниот државен долг во однос на К-2-2021 е намалено за 3,6 п.п. и изнесува 61,2%, а учеството на внатрешниот долг е соодветно зголемено и изнесува 38,8% од вкупниот државен долг.

## 4. Инфлација и монетарни движења

**Стапката на инфлација**, мерена според Индексот на трошоци на живот, во К-3-2021 изнесува 3,5% на годишна основа и е зголемена за 0,7 п.п. во споредба со К-2-2021. Растот на потрошувачките цени во третиот квартал главно се должи на растот на цените на храната, енергијата и нафтените деривати, при што енергијата бележи забавена стапка на раст, додека цените на нафтените деривати и понатаму бележат забрзан раст. Зголемувањето на домашните цени во овој квартал ги рефлектира и промените поврзани со цените на енергенсите и на примарните производи на светските берзи како и ценовните нарушувања предизвикани од пандемијата.

Цените на храната во К-3-2021 регистрираа раст од 3,4%, пред сè како резултат на зголемените цени на зеленчукот, како и на високите цени на маслото.

Раст на потрошувачките цени во К-3-2021 се бележи и во следните категории: Транспорт од 14,2%, Ресторани и хотели од 5,4%, Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 4,2%, Здравствена заштита од 2,9%, Рекреација и култура од 2,7%, Домување, вода, електрика, гас и други горива од 1,6%, Разновидни стоки и услуги од 1,1%, Облека и обувки од 0,9% и Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од 0,6%. Пад на цените е регистриран во категориите: Комуникации од 0,6% и Образование од 0,1%.

Графикон 4.1. Годишна стапка на инфлација




Извор: Државен завод за статистика

Во третиот квартал[2] од 2021 година, Народна банка на Република Северна Македонија ја задржа **основната каматна стапка** на 1,25%, откако во К-1-2021 ја намали каматната стапка на благајничките записи за 0,25 п.п., односно од 1,5% на 1,25%. Досегашното намалување на основната каматна стапка, како и позначителното намалување на понудениот износ на благајнички записи, придонесе за зголемување на ликвидноста на банкарскиот систем и поддршка на кредитните текови во економијата, како и ублажување на ефектите од пандемијата врз домашната економија, којашто сè уште трае.

Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена во септември 2021 година изнесуваше 0,3% и во споредба со

[2] Податоците од монетарната статистика, статистиката на другите финансиски институции и статистиката на каматните стапки се по нова методологија.

претходниот квартал остана непроменета.

**Примарните пари**[3] во К-3-2021 забележаа раст на квартална основа од 0,5% (во претходниот квартал е забележан пад од 2,0%), како резултат на зголемувањето на готовите пари во оптек за 2,0%, додека вкупната ликвидност на банките се намали за 0,8%. Во однос на К-3-2020, примарните пари се зголемија за 6,9% (во К-2-2021 е забележан раст од 5,5%), како резултат на зголемената вкупна ликвидност на банките од 7,7% и растот на готовите пари во оптек од 6,1%.

Во К-3-2021, најтесната парична маса М1[4] забележа зголемување од 1,7% во однос на претходниот квартал. Монетарниот агрегат М2 забележа раст од 2,3%, а најширокиот монетарен агрегат М4 се зголеми за 1,5% на квартална основа.

Вкупниот **депозитен потенцијал**[5] на банките во К-3-2021 се зголеми за 1,4% на квартална основа, по растот од 1,8% во претходниот квартал. Анализирано по сектори, депозитите на претпријатијата се зголемија за 2,8%, а депозитите на домаќинствата за 1,8%. Од аспект на валутата, споредено со претходниот квартал, денарските депозити се намалија за 0,1%, а девизните депозити забележаа раст од 3,5%. Степенот на евроизација е зголемен за 0,9 п.п. во споредба со претходниот квартал и изнесува 41,7%, мерено преку учеството на девизните депозити во вкупниот депозитен потенцијал.

Според рочноста, учеството на долгорочните депозити во вкупниот депозитен потенцијал во К-3-2021 се намали за 0,8 п.п. споредено со претходниот квартал и изнесува 22,0% (во К-2-2021 изнесуваше 22,8%). Во анализираниот период, краткорочните депозити забележаа зголемување од 3,0%.

Графикон 4.2. Кредити и кредитен раст и М4




Извор: Народна банка на Република Северна Македонија

**Кредитната активност** на банките во К-3-2021 забележа раст од 1,1% на квартална основа (во претходниот квартал регистрираше раст од 2,6%), во услови на раст на кредитите кон претпријатијата од 0,7% и раст на кредитите кон домаќинствата од 1,7%. Од валутен аспект, денарските кредити во К-3-2021 споредено со претходниот

[3] Ги вклучува готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајната на банките), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

[4] Монетарниот агрегат М1 го сочинуваат готовите пари во оптек и депозитните пари. Монетарниот агрегат М2 го сочинуваат монетарниот агрегат М1 и краткорочните депозити, а монетарниот агрегат М4 е составен од монетарниот агрегат М2 и долгорочните депозити.

[5] Депозитите вклучуваат и пресметана камата.

квартал се зголемија за 1,2%, а девизните кредити за 1,0%. Според рочноста, долгорочните кредити во К-3-2021 во однос на претходниот квартал бележат раст од 1,9%, а краткорочните кредити се намалија за 2,2%.

**Каматната стапка**[6] на денарските кредити во К-3-2021 изнесува 4,81% и е намалена за 0,11 п.п. во споредба со претходниот квартал. Каматната стапка на девизните кредити во К-3-2021 изнесува 4,09% и е намалена за 0,03 п.п. во однос на претходниот квартал.

Графикон 4.3. Каматни стапки (КС) на депозитни банки




Извор: Народна банка на Република Северна Македонија

Каматната стапка на денарските депозити во К-3-2021 изнесува 1,13% и забележа пад од 0,10 п.п. споредено со претходниот квартал, а каматната стапка на девизните депозити изнесува 0,48% и е намалена за 0,02 п.п. во однос на претходниот квартал.

Каматната стапка на новоодобрените денарски кредити во К-3-2021 изнесува 4,20%, а на новоодобрените девизни кредити 3,02%. Каматните стапки на новопримените денарски и девизни депозити изнесуваат 0,68% и 0,54%, соодветно.

---

[6] Во девизните кредити и депозити се вклучени денарските кредити и депозити со валутна клаузула.

# 5. Надворешен сектор

## 5.1. Надворешнотрговска размена

Според податоците на Државниот завод за статистика, вкупната надворешнотрговска размена со странство во К-3-2021 изнесува 4.046,9 милиони евра и бележи раст од 12,3% во однос на истиот квартал од 2020 година.

Графикон 5.1. Извоз и увоз на стоки




**Извозот на стоки** во К-3-2020 изнесува 1.717,7 милиони евра и во однос на К-3-2020 бележи раст од 6,9%, додека во однос на претходниот квартал регистриран е пад од 1,7%.

Анализирано **по сектори** на СМТК (Стандардна меѓународна трговска класификација), позитивни движења во извозот во К-3-2021 во однос на истиот квартал од 2020 година се забележуваат во следните сектори:

- производи класирани по материјалот за 43,5% (во чии рамки најголем раст забележа категоријата железо и челик за 83,6 милиони евра или 58,9%);
- суровини освен гориво за 29,5% (метална руда и отпадоци од метал за 20,4 милиони евра или 37,8%);
- минерални горива и мазива за 59,1% (нафта и производи од нафта за 18,7 милиони евра или 232,0%);
- хемиски производи за 4,2% (пластични материи во останати форми за 8,3 милиони евра или за 59,5%; пластични материи во примарни форми за 4,4 милиони евра или за 109,9%);
- производи за храна за 1,1% (жита и преработки од жита за 3,4 милиони евра или 18,7%) и
- животински и растителни масла за 151,2% (цврсти растителни масла и масти, сирови, рафинирани или фракциони за 2,4 милиони евра или 152,7%).

Негативно придвижување кај извозот се забележува во секторите:

- машини и транспортни уреди за 3,9% (во чии рамки најголем пад забележаа категориите: електрични машини, апарати и делови за 16,9 милиони евра или 7,0%; друмски возила за 10,0 милиони евра или 18,4%);
- разни готови производи за 10,2% (облека за 10,6 милиони евра или 11,1%; мебел и негови делови, постелнина и сл. производи, душеци, носачи на душеци, перници и сл.


MQS Partner of Quality Austria Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

полнети производи за 8,9 милиони евра или 13,3%) и
- пијалаци и тутун за 0,7% (пијалаци за 1,1 милион евра или 6,0%).

Гледано **по економска намена**, во К-3-2021 раст на извозот е забележан во следните групи производи:

- стоки за индустриски набавки за 121,0 милион евра или 15,3%;
- горива и мазива за 13,3 милиони евра или 57,5%;
- производи за инвестиции без транспортна опрема за 9,8 милиони евра или 3,4% и
- храна и пијалаци за 1,6 милиони евра или 1,3%.

Намалување на извозот е забележано во следните групи производи:

- транспортна опрема за 31,4 милиони евра или 15,2% и
- стоки за широка потрошувачка за 3,2 милиона евра или 1,8%.

**Увозот на стоки** во К-3-2021 изнесува 2.329,2 милиона евра и е зголемен за 16,6% во однос на К-3-2020, додека во однос на претходниот квартал бележи пад од 5,0%.

Анализирано **по сектори** на СМТК, позитивно придвижување на увозот во К-3-2021 во однос на К-3-2020 се забележува во сите сектори:

- минерални горива и мазива за 100,9% (во чии рамки најголем раст забележа категоријата нафта и производи од нафта за 90,7 милиони евра или 113,6%);
- производи класирани по материјалот за 4,8% (железо и челик за 66,4 милиони евра или 70,8%);
- хемиски производи за 24,9% (неоргански хемиски производи за 40,4 милиони евра или за 51,3%; медицински и фармацевтски производи за 18,4 милиони евра или за 39,6%; пластични материи во примарни форми за 16,2 милиона евра или за 72,1%);
- машини и транспортни уреди за 9,4% (електрични машини, апарати и делови за 12,7 милиони евра или 7,0%; индустриски машини и делови за 11,2 милиона евра или 18,6%);
- производи за храна за 18,7% (месо и преработки од месо за 7,0 милиони евра или 22,0%; овошје и зеленчук за 4,4 милиони евра или 25,2%);
- пијалаци и тутун за 50,7% (пијалаци за 6,7 милиони евра или 53,6%);
- разни готови производи за 8,1% (облека за 4,8 милиони евра или 19,6%; мебел и негови делови, постелнина и сл. производи, душеци, носачи на душеци, перници и сл. полнети производи за 4,3 милиони евра или 18,9%);
- суровини освен гориво за 7,8% (метална руда и отпадоци од метал за 4,1 милион евра или 10,5%) и
- животински и растителни масла за 30,3% (цврсти растителни масла и масти, сирови, рафинирани или фракциони за 3,2 милиона евра или 28,6%).

Гледано **по економска намена**, во К-3-2021 раст на увозот е забележан во следните групи производи:

- о горива и мазива за 120,1 милион евра или 100,2%;
- о стоки за индустриски набавки за 107,5 милиони евра или 9,8%;
- о производи за инвестиции без транспортна опрема за 38,8 милиони евра или 13,2%;
- о храна и пијалаци за 37,8 милиони евра или 22,4% и
- о стоки за широка потрошувачка за 32,0 милиона евра или 16,1%.

Намалување на увозот е забележано само во групата транспортна опрема и тоа за 4,1 милион евра или 3,4%.

Графикон 5.2. Земји со најголемо учество во извозот (лево) и во увозот (десно) во К-3-2021




Извор: Пресметки на Министерството за финансии врз база на податоци од ДЗС

Надворешнотрговската размена на Европската Унија (ЕУ 27[7]) во К-3-2021 е зголемена за 11,1% во однос на К-3-2020, со што учеството на размената со оваа интеграција во вкупната надворешнотрговска размена изнесува 58,7% и е намалено за 0,7 п.п. споредено со третиот квартал од 2020 година. Притоа, во К-3-2021 извозот на стоки учествува со 75,0%, а увозот на стоки со 46,7%.

[7]Започнувајќи од февруари 2020 година, Велика Британија се распределува во групацијата - Останати земји

## 5.2. Платен биланс

Според податоците од Народна банка на Република Северна Македонија, во К-3-2021 на **тековната сметка** на билансот на плаќања е регистриран суфицит од 98,0 милиони евра, што претставува 3,3% од кварталниот БДП, наспроти дефицитот од 1,8% од БДП забележан во истиот квартал од 2020 година.

Графикон 5. 3. Салдо на тековна сметка
*(во милиони евра)*



Извор: Народна банка на Република Северна Македонија

Анализирано на годишна основа, суфицитот на тековната сметка во К-3-2021 споредено со дефицитот во истиот квартал претходната година е последица на зголемувањето на суфицитот на сметката на услуги за 75,4% и на сметката на секундарен доход за 55,8%. Спротивно влијание имаше зголемувањето на дефицитот на сметката на стоки за 24,3% и на сметката на примарен доход за 23,1%.

Во К-3-2021 **трговскиот дефицит** на годишно ниво е зголемен за 97,6 милиони евра, додека во процент од кварталниот БДП е зголемен за 2,2 п.п. на годишна основа, односно изнесува 16,8%.

Графикон 5. 4. Тековна сметка на платниот биланс
*(салдо, во милиони евра)*




Извор: Народна банка на Република Северна Македонија

Суфицитот на **сметката на услуги** во К-3-2021 изнесува 141,9 милиони евра и во однос на истиот квартал од 2020 година е зголемен за 61,0 милион евра. **Трговската отвореност** на Република Северна Македонија во К-3-2021 изнесува 146,9% од кварталниот БДП и во однос на К-3-2020 е зголемена за 10,2 п.п..

Сметката на **примарен доход** во К-3-2021 забележа дефицит од 128,9 милиони евра и истиот е зголемен за 24,2 милиона евра на годишно ниво.

Суфицитот на сметката на **секундарен доход** во К-3-2021 изнесува 584,7 милиони евра и на годишно ниво е зголемен за 209,5 милиони евра. Растот се должи на зголемувањето на приватните трансфери за 224,5 милиони евра, кои во сметката на секундарниот доход учествуваат со 98,6%, додека официјалните трансфери се намалени за 15,0 милиони евра, а во сметката на секундарниот доход учествуваат со 1,4%.

Салдото на **капиталната сметка** во К-3-2021 изнесува 0,2 милиона евра и во однос на истиот квартал од 2020 година е намалено за 1,7 милиони евра, што се должи на намалениот прилив на капитални трансфери и непроизведени нефинансиски средства.

**Странските директни инвестиции** (СДИ) во земјата во К-3-2021 изнесуваат 38,6 милиони евра и во однос на К-3-2020 се зголемени за 33,1 милион евра. Зголемувањето произлегува од приливот по основ на сопственички капитал (48,4 милиони евра) и реинвестирање на добивката (26,2 милиона евра), додека по основ на должнички инструменти е регистриран одлив (36,1 милион евра).

Графикон 5. 5. СДИ во земјата




Извор: Народна банка на Република Северна Македонија и пресметки на МФ

**Портфолио инвестициите** во К-3-2021 изнесуваат 477,4 милиони евра и во однос на истиот квартал претходната година се зголемени за 399,9 милиони евра.

**Останатите инвестиции** во К-3-2021 изнесуваат 17,8 милиони евра, и во однос на истиот квартал претходната година се намалени за 15,1 милион евра. Во рамки на категоријата останати инвестиции, сметките на валути и депозити, заеми и трговски кредити и аванси изнесуваат 147,1 милион евра, 17,8 милиони евра и 16,0 милиони евра, соодветно.

**Девизните резерви** на крајот на третиот квартал од 2021 година изнесуваат 3,7 милијарди евра и во однос на К-3-2020 се зголемени за 6,0%. Девизните резерви на крајот на К-3-2021 обезбедуваат 4,9-месечна покриеност на увозот на стоки и услуги од претходниот 12-месечен период.